Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

# ГОДИШЕН КОНКУРС
## за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2026 година со Пријава за проект од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2026 година

Министерството за култура и туризам во 2026 година ќе ги поддржи следниве видови проекти од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот:

| | I. ВИДОВИ ПРОЕКТИ | **Максимален износ на финансиска поддршка** |
|---|---|---|
| 1. | **Изложби** | |
| 1.1 | **Ретроспективно-монографски изложби (за локални установи од областа на културата)** | до 450 000 денари |
| 1.2 | **Истражувачки изложби со публикации (за правни лица)** | до 400 000 денари |
| 1.3 | **Самостојни изложби** | |
| 1.3.1 | Самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 25 години | до 250 000 денари |
| 1.3.2 | Самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 10 години | до 150 000 денари |
| 1.3.3 | Самостојни изложби/проекти на млади автори кои имаат творечка дејност до 10 години. | до 100 000 денари |
| 1.3.4 | Прва самостојна изложба/проект | до 70 000 денари |
| 1.4 | **Групни изложби** | |
| 1.4.1 | Годишни ревијални изложби/проекти **(за здруженија на граѓани)** | до 120 000 денари |
| 1.4.2 | Биенални/триенални изложби **(за правни лица)** | до 500 000 денари |
| 1.4.3 | Изложби/проекти на група автори | до 180 000 денари |
| 1.5 | **Преземање изложби за локални установи** | до 30 000 денари |
| 2. | **Ликовни проекти наменети за инклузија на маргинализираните лица и на лицата со попреченост(за** | до 70 000 денари |

ПРИМЕРОК

| | | |
|---|---|---|
| | **правни лица)** | |
| 3. | **Ликовни колонии (за здруженија на граѓани)** | до 400 000 денари |
| 4. | **Циклус на повеќе од 7 самостојни и/или групни изложби/проекти (за правни лица,со исклучок на локалните установи од културата)** | до 400 000 денари |
| 5. | **Публикации од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот (за правни лица)** | до 450 000 денари |

<u>ЗАБЕЛЕШКИ:</u>

- **Министерството за култура и туризам нема да финансира проекти во кои визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, програмски и концепциски, не се основа на проектот.**
- **Министерството за култура и туризам нема да финансира проекти штосе реализираат во кафетерии, ресторани, дискоклубови и казина.**
- **Министерството за култура и туризам нема да финансира трошоци за исплаќање комунални, сметководствени и телекомуникациски услуги, како и за набавка (купување) на техничка опрема и мебел.**

## II. ПРИОРИТЕТИ

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполнат најмалку 2 (два) од следниве приоритети, во согласност со видот на проектот:

1. Стимулирање на новосоздадена уметничка продукција, преку квалитетно и современо осмислени авторски проекти од стручни и профилирани лица.
2. Поддржување истражувачки изложби или публикации кои прават пресек и реферираат одредени појави и тенденции и имаат историски, проблемски, тематски, стилски или тековни толкувања на модерната и на современата македонска и светска ликовна уметност, архитектура и дизајн.
3. Одбележување значајни јубилеи и датуми во 2026 година поврзани со домашни автори или установи од областа (50, 75 и 100 години).
4. Стимулирање соработка или финансиска поддршка од локалната самоуправа, домашни и/или меѓународни партнери, фондови, фондации или од други извори на кофинансирање.
5. Стимулирање соработка со националните установи од областа на културата, пред сè, со Музејот на современата уметност или со Националната галерија на Република Северна Македонија.
6. Поддржување и промоција на млади македонски уметници, архитекти и дизајнери.
7. Поттикнување регионална мобилност (преземање самостојни и групни изложби/проекти) во насока на создавање услови за рамномерен културен развој.
8. Поттикнување на учествотона лица со попреченост, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи.
9. Промовирање домашни, меѓународни и меѓукултурни вмрежувања, соработка врз основа на реципроцитет.

ПРИМЕРОК

10. Поддржување ликовни колонии со оформени и обработени/архивирани збирки.
11. Создавање нова стручна литература од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

## III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, подносителот на пријавата треба да ги исполни следниве:

### А) ОПШТИ УСЛОВИ

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица).
- Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица).
- Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во проектот (освен кога подносителот на проектот не пријавил други учесници или соработници).
- Да има обезбедено простор за реализација на проектот.
- Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).
- Да има официјална покана за учество (доколку проектот се реализира врз основа на покана).
- Да има договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка или доколку е посебен услов според видот на проектот).

### Б) ПОСЕБНИ УСЛОВИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ

**Подносителот на проектот од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во целост треба да ги исполни наведените посебни услови:**

**1. Изложби**

**1.1. Ретроспективно-монографски изложби (само за локални установи од областа на културата) со максимален износ на финансиска поддршка до 450 000 денари**

- Авторот да има активна творечка дејност над 40 (четириесет) години од првата самостојна изложба, односно од првото учество во изработка на архитектонски проект или архитектонска реализација).
- Авторот да има вреднувана продукција од уметничката критика (ликовна, архитектонска или дизајнерска), како и од историјата на уметноста или архитектурата.
- Авторот да има реализирано најмалку 7 (седум) самостојни изложби/проекти, од кои најмалку 2 (две) во НУ Музеј на современата уметност и НУ Национална галерија на Република Северна Македонија.
- Изложбата е конципирана од кустос/куратор/ликовен критичар/теоретичар на уметноста, со реализирани најмалку 10 (десет) проекти/изложби и издадени најмалку 2 (две) публикации (со CIP и ISSBN-број) од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

ПРИМЕРОК

**1.2 Истражувачки изложби со публикации (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**

- Истражувачките изложби прават пресек и следат одредени појави и тенденции, имаат историски, проблемски, тематски, стилски или тековни толкувања на модерната и на современата македонска и светска ликовна уметност, архитектура и дизајн.
- Изложбата е конципирана од кустос/куратор/ликовен критичар/теоретичар на уметноста, со реализирани најмалку 5 (пет) проекти/изложби и издадена најмалку 1 (една) публикација (со CIP и ISSBN-број) од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.
- Изложбата е во соработка со установите од областа на културата.

**1.3. Самостојни изложби**

**1.3.1 Самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 25 години со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари**

- Авторот има активна творечка дејност над 25 (дваесет и пет) години.
- Авторот има реализирано најмалку 5 (пет) самостојни изложби/проекти во националните и локалните установи или има учествувано/реализирано најмалку 5 (пет) архитектонски проекти.
- Авторот има учествувано во најмалку 10 (десет) домашни/меѓународни групни изложби/проекти.
- Авторот е добитник на награди и признанија од областа на ликовната уметност, архитектурата и дизајнот.
- Објавени се текстови/прикази/објави/критики од еминентни историчари и теоретичари на уметноста и архитектурата од земјава и од странство за остварените изложби/проекти на авторот.
- Изложбата/проектот со која се конкурира претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.
- Изложбата/проектот ќе се реализира во соработка со кустос/куратор/ликовен критичар/теоретичар на уметноста од областа со реализирани/учествувано на најмалку 3 (три) изложби/проекти.

**1.3.2 Самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 10 години со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари**

- Авторот има активна творечка дејност над 10 (десет) години.
- Авторот има реализирано најмалку 3 самостојни изложби во националните или локални установи или има учествувано/реализирано најмалку 3 архитектонски проекти.
- Авторот има учествувано во најмалку 5 домашни/меѓународни групни изложби/проекти.
- Објавени се текстови/прикази/објави/критики од еминентни историчари и теоретичари на уметноста и архитектурата од земјава и од странство за остварените изложби на авторот.
- Изложбата/проектот со која се конкурира претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.
- Изложбата/проектот ќе се реализира во соработка со кустос/куратор/ликовен критичар/теоретичар на уметностасо реализирани/учествувано на најмалку 1 (една) изложба/проект.

ПРИМЕРОК

**1.3.3 Самостојни изложби/проекти на млади автори кои имаат творечка дејност до 10 години, со максимален износ на финансиска поддршка до 100000 денари**

- Авторот има реализирано најмалку 1 (една) самостојна изложба/проект во националните и локалните установи или има учествувано/реализирано најмалку 1 (еден) архитектонски проект.
- Авторот учествувал на најмалку 5 (пет) домашни/меѓународни групни изложби/проекти или манифестации.
- Изложбата/проектот со која се конкурира претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**1.3.4 Прва самостојна изложба/проект со максимален износ на финансиска поддршка до 70 000 денари**

- Авторот на изложбата/проектот се стекнал со соодветно образование во областа.
- Новосоздадена продукција (да не е со дипломските дела).
- Авторот учествувал на најмалку 3 (три) домашни или меѓународни групни изложби/проекти или манифестации.
- Препораки од две компетентни лица од струката или од институциите од дејноста.

**1.4 Групни изложби**

**1.4.1 Годишни ревијални изложби/проекти (за здруженија на граѓани) со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари**

- Организирани се од здруженијата на ликовните уметници, на архитектите и на дизајнерите на национално ниво, кои имаат континуирано професионално искуство во организација на изложби/проекти над 10 (десет) години.
- Поднесените концепти за изложби/проекти се современо и квалитетно осмислени од стручни и компетентни лица од областа со претходно реализирани најмалку 3 (три) изложби/проекти.

**1.4.2 Биенални/триенални изложби (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари**

- Организирани се од здруженијата на ликовните уметници, на архитектите и на дизајнерите на национално ниво, здружение на ликовни критичари, кои имаат континуирано професионално искуство во организација на овој вид изложби над 20 (дваесет) години.
- Се организираат од или во соработка со установите од областа на културата.
- Поднесените концепти за изложби се осмислени од куратор/кустос/ликовен критичар/теоретичар на уметноста со реализирани најмалку 5 (пет) изложби.

**1.4.3 Изложби/проекти на група автори со максимален износ на финансиска поддршка до 180 000 денари**

- Организирани се од група уметници, здруженија на граѓани и иницијативи од областа на уметноста, архитектурата и дизајнот.
- Поднесените концепти за изложби/проекти се осмислени од стручни и профилирани лица со реализирани најмалку 3 (три) изложби/проекти.

**1.5 Преземање изложби/проекти (за локални установи) со максимален износ на финансиска**

ПРИМЕРОК

**поддршка до 30 000 денари**

- Кои се поддржани од Министерството за култура и туризам како проекти од национален интерес во културата.

**2. Ликовни проекти наменети за инклузија на маргинализираните лица и на лицата со попреченост (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 70 000 денари**

- Носители се на лиценци за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита издадени од соодветните институции од областа.
- Имаат реализирано најмалку 3 (три) проекти од ваков вид во последните 10 (десет) години.
- Во проектот е вклучен уметник/уметници од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

**3. Ликовни колонии (за здруженија на граѓани) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**

- Континуирано професионално организирање над 15 (петнаесет) години со реномирани ликовни автори од домашната и од меѓународната ликовна сцена.

**4. Циклус на повеќе од 7 самостојни и/или групни изложби/проекти (за правни лица, со исклучок на локалните установи од културата) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**

- Секоја изложба/проект треба одделно да ги исполни условите од видовите и подвидовите на проектите опишани во точка 1.
- Организирани се од правните субјекти кои имаат континуитет во професионално организирање културни настани над 20 години.
- Реализацијата е во сопствен професионален галериски простор.
- Изложбите/проектите со кои се конкурира претставуваат новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**5. Публикации од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 450 000 денари**

- Подносителот има издадено најмалку 2 (две) публикации (со CIP и ISSBN-број) од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во последните 10 (десет) години.
- Ангажирани се стручни и профилирани лица со претходно реализирани најмалку 5 (пет) проекти од областа.
- Ги исполнува и другите посебни услови предвидени со Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година.

## IV. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА ЌЕ СЕ ВРШИ ОЦЕНА НА ПРОЕКТИТЕ

Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следниве критериуми:

1. Квалитет на содржината на проектот.
2. Човечки ресурси.
3. Финансиска оправданост.

ПРИМЕРОК

**Горенаведените критериуми ќе се оценуваат според следниве мерила:**
**1. Квалитет на содржината на проектот – вкупно 70 бода**
Квалитот на проектот ќе се цени преку креативност, оригиналност/автентичност, очекувано влијание, актуелност, видливост.

**2. Човечки ресурси – вкупно 15 бода**
Човечките ресурси ќе се ценат преку уметничките, односно стручните достигнувања на носителите и учесниците во проектот.

**3. Финансиска оправданост – вкупно 15 бода**
Финансиската оправданост треба да ја изразува реалната проекција за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот, како и реалниот баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот.

## V. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

**За да може да биде избран и финансиран како проект од национален интерес во културата, проектот треба да добие најмалку 40 бод, од вкупно 100 бода, во согласност со критериумите и мерилата врз чија основа е извршена оцена на проектите.**

**Министерството за култура и туризам ќе учествува во финансирањето на проектот со најмалку 40% од средствата во максимален износ во денари утврдени по видови проекти од главаI Видови проекти од овој годишен конкурс.**

**По исклучок, доколку проектот добие најмалку 40 бод, а побараните средства се пониски од од износот на 40% од средствата што би требало да се одобрат, Министерството за култура и туризам го задржува правото да учествува во финансирање на проектот, но не во износ повисок од побараната сума од корисникот.**

**Вкупниот буџет за сите видови проекти ќе се утврди по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.**

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ | |
| **ПРИЈАВА**<br>**за проект од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот**<br>**за 2026 година** | |
| 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА | |
| Име на физичкото лице:<br>Презиме на физичкото лице: | Целосен назив на правното лице (во согласност со тековната состојба): |
| Адреса: | Адреса: |
| Телефон: | Телефон: |
| Електронска адреса: | Електронска адреса: |
| Веб-страница: * | Веб-страница: * |
| Пол: | Единствен даночен број на правното лице: |
| Единствен матичен број на граѓанинот | Жиро-сметка на правното лице: |

| | |
|---|---|
| (ЕМБГ): | |
| Возраст (во моментот на аплицирање): | Депонент на банка на правното лице: |
| | Име и презиме на одговорното лице во правното лице: |
| | Име и презиме на носителот на проектот: |
| | Пол: |
| | Возраст (во моментот на аплицирање): |

| 2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ |
|---|
| Целосен наслов на проектот: |
| Место/а на одржување на проектот: |
| 1. |
| 2. |

| 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| 3.1. Вкупен буџет на проектот | |
| 3.2. Побарани средства од Министерството за култура и туризам | |
| 3.3. Други извори на финансирање на проектот | |
| 3.4. Вид на проектот (да се наведе видот на проектот од главаI од Годишниот конкурс) | |
| 3.5. Место (простор), град на одржување | |
| 3.6. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот | од ___________ до _____________ / ________ денови |
| 3.7. Носител на проектот (име и презиме, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |
| 3.8. Други соработници вклучени во проектот (име и презиме, ангажман, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |

| 4. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ |
|---|
| 4.1. Кој/кои приоритет/и од Конкурсот ги исполнува проектот (да се наведе/дат редниот/те број/еви на приоритетот/ите од главаII од Годишниот конкурс) |
| |
| 4.2. Цели на проектот |
| |
| 4.3. Очекувани резултати |
| |

ПРИМЕРОК

| 4.4. Опис на проектот (600 – 1000 зборови/само текст. Доколку текстот е поголем од 1000 зборови, да се прикачи како дополнителен документ) |
|---|
| |

| 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ |
|---|
| 5.1. Општ опис за стручноста, компетентноста, односно уметничките достигнувања на носителот на проектот, на учесниците и на другите соработници или портфолио за правното лице (Да се прикачат биографии, односно порфтолио како дополнителен документ) |
| |

| 6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| 6.1. Опис на трошокот | Вредност (изразена во денари) |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| Вкупен износ на потребни средства за проектот | |
| 6.1.1. Финансиски средства побарани од Министерството за култура | |
| 6.1.2. Финансиски средства обезбедени од други извори (Доколку за проектот се обезбедени финансиски средства од други извори, задолжително да се наведат изворот и износот на средствата) | |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| Вкупен износ на финансиски средства обезбедени од други извори | |

| 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|
| **Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети ОПШТИТЕ УСЛОВИ**<br>☐За физички лица: Уверение за државјанство или лична карта или пасош.<br>☐За правни лица: Тековна состојба, што не е постара од 6 месеци, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија.<br>☐Потпишана изјава/преддоговор од сите наведени учесници со која се потврдува нивното учество (освен кога подносителот на проектот на пријавил други учесници или соработници). |

☐Изјава или документ за обезбеден простор за реализација на проектот (или согласност од единиците на локалната самоуправа за користење јавен отворен простор).
☐Согласност/изјава/преддоговор за регулирање на авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).
☐Официјална покана за учество (доколку од проектот се реализира врз основа на покана).
☐Договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка или доколку е посебен услов според видот на проектот).

**Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ**

**1.Изложби**
**1.1 За ретроспективно-монографски изложби (за локални установи од областа на културата) со максимален износ на финансиска поддршка до 450 000 денари**
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува:
- активна творечка дејност на авторот над 40 (четириесет) години од првата самостојна изложба, односно од првото учество во изработка на архитектонски проект или архитектонска реализација);
- вреднувана продукција на авторот од уметничката критика (ликовна, архитектонска или дизајнерска), како и од историјата на уметноста или архитектурата;
- реализација на најмалку 7 (седум) самостојни изложби/проекти од авторот, од кои најмалку 2 (две) во НУ Музејот на современата уметност и НУ Национална галерија на Република Северна Македонија;
- реализација на најмалку 10 изложби/проекти и издадени две публикации од страна на кустосот/кураторот/ликовниот критичар/теоретичарот на уметност.

**1.2 За истражувачки изложби со публикации (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**
☐Концепт на истражувачката изложба и публикацијата.
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува творештвото на стручните и профилирани лица за реализација на најмалку 5 (пет) проекти/изложби и издадена најмалку 1 (една) публикација (со CIP и ISSBN-број) од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.
☐Договор или меморандум за соработка со установа од областа на културата.

**1.3. Самостојни изложби**
**1.3.1 За самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 25 години со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари**
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува:
- активна творечка дејност над 25 (дваесет и пет) години;
- реализација на најмалку 5 (пет) самостојни изложби во националните и локалните установи;
- учество на најмалку 10 (десет) домашни/меѓународни групни изложби/проекти;
- добиени награди и признанија од областа на ликовната уметност, архитектурата и дизајнот;
- објавени текстови/прикази/објави/критики од еминентни историчари и теоретичари на

ПРИМЕРОК

уметноста и архитектурата од земјава и од странство за остварените изложби/проекти на авторот.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува професионалното искуство на кустосот/кураторот/ликовниот критичар/теоретичар на уметноста од областа со кого ќе се реализира проектот, со реализирани најмалку 3 (три) изложби/проекти.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**1.3.2 За самостојни изложби/проекти на автори кои имаат творечка дејност над 10 години со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува:

- активна творечка дејност на авторот над 10 (десет) години;
- реализација на најмалку 3 (три) самостојни изложби во националните и локалните установи или учество/реализација на најмалку 3 (три) архитектонски проекти;
- учество на најмалку 5 (пет) домашни/меѓународни групни изложби/проекти;
- објавени текстови/прикази/објави/критики од еминентни историчари и теоретичари на уметноста и архитектурата од земјава и од странство за остварените изложби на авторот.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува професионалното искуство на кустосот/кураторот/ликовниот критичар/теоретичар на уметноста со кого ќе се реализира проектот, со реализирани најмалку 1 (една) изложба/проект.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**1.3.3 За самостојни изложби/проекти на млади автори кои имаат творечка дејност до 10 години со максимален износ на финансиска поддршка до 100 000 денари**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува:

- реализација на најмалку 1 самостојна изложба/проект во националните и локалните установи или учество/реализација на најмалку 1 (еден) архитектонски проект;
- учество на најмалку 5 домашни/меѓународни групни изложби/проекти.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**1.3.4 За прва самостојна изложба/проектсо максимален износ на финансиска поддршка до 70 000 денари**

☐Уверение/диплома за стекнато соодветно образование во областа.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува учество на најмалку 3 (три) домашни/меѓународни групни изложби/проекти.

☐Препораки од 2 (две) компетентни лица од струката или од институциите од дејноста.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот не претставува дипломско дело.

ПРИМЕР!

**1.4 Групни изложби**

**1.4.1 За годишни ревијални изложби/проекти (за здруженија на граѓани) со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува контунирано професионално искуство во организација на изложби/проекти над 10 (десет) години.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува професионално искуство на стручните и профилирани лица од областа со реализирани најмалку 3 (три) изложби/проекти.

**1.4.2 Забиенални/триенални изложби (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори, со кои се потврдува континуирано професионално искуство во организација на овој вид изложби над 20 (дваесет) години.

☐Договори или меморандуми за соработка со установите од областа на културата.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува професионалното искуство на кураторот/кустосот/ликовниот критичар/теоретичар на уметноста со реализирани најмалку 5 (пет) изложби.

**1.4.3 За изложби/проекти на група автори со максимален износ на финансиска поддршка до 180 000 денари**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува професионалното искуство на стручните и профилирани лица со реализирани најмалку 5 (пет) изложби/проекти.

**1.5 За преземање изложби (за локални установи) со максимален износ на финансиска поддршка до 30 000 денари.**

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа со кои се потврдува дека преземените изложби се поддржани од Министерството за култура и туризам како проекти од национален интерес во културата или преддоговори/потврди за соработка со национални установи од областа на културта.

**2. Заликовни проекти наменети за инклузија на маргинализираните лица и на лицата со попреченост (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 70 000 денари**

☐Лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита издадена од соодветните институции од областа.

☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за најмалку 3 (три) реализирани проекти од ваков вид во последните 10 години.

☐Изјава за учество и биографија на вклучениот уметник/уметници од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

ПРИМЕРОК

**3. За ликовни колонии (за здруженија на граѓани) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува континуирано професионално организирање над 15 (петнаесет) години со реномирани ликовни автори од домашната и од меѓународната ликовна сцена.

**4. За циклус на повеќе од 7 самостојни и/или групни изложби/проекти (за правни лица, со исклучок на локалните установи од културата) со максимален износ на финансиска поддршка до 400 000 денари**
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува:
- континуитет во професионално организирање културни настани над 20 години;
- имотен лист за сопствен професионален галериски простор или документ за закуп на професионален галериски простор;
- секоја изложба/проект треба одделно да ги исполни условите од видовите и подвидовите на проектите опишани во точка 1.

☐Своерачно потпишана изјава дека изложбата/проектот претставува новосоздадена продукција/неизложувани дела/концепти.

**5. За публикации од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот (за правни лица) со максимален износ на финансиска поддршка до 450 000 денари**
☐Доказ за издадени најмалку 2 (две) публикации (со CIP и ISSBN-број) од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот во последните 10 (десет) години.
☐Објави во дневни весници и/или на интернет-страници и/или плакати, фотографии/видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува ангажман на стручни и профилирани лица со претходно реализирани најмалку 5 (пет) проекти од обласста.
☐Докази дека се исполнети посебните услови што се наведени во пријавата од Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година (во делот на задолжителни документи).

**Дополнителни документи**
☐Писма за изразување намери (финансиски) или понуди или јавно објавени цени за бараните услуги и стоки од нивните даватели.

ЗАБЕЛЕШКА:**Подносителот на пријавата може да достави и линкови до наведените содржини (плакати, фотографии, видеа, аудиоснимки и сл. со кои се потврдува реализацијата на проектот/учество во проектот)**
**Линк 1:**
**Линк 2:**
**Линк 3:**

| 8. ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА (да се обележи празниот квадрат со x) |
| --- |
| ☐ **Под целосна морална и кривична одговорност изјавувам дека податоците во пријавата и** |

| **документите прикачени кон неа се точни и вистинити.** | |
|---|---|
| Датум: | Подносител на пријавата<br>(име и презиме) |
| **Потпис** | |

ПРИМЕРОК